**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-335**
**08.06. 2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2726/1 од 05.06.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје во дел од програмите емитувани во рамките на својот програмски сервис на 7 мај 2018 година, и тоа: „Кажи и направи нешто добро за Македонија: Гимназија Нова" - емитувана во периодот од 00:27:21 до 00:49:28 часот и „Добра идеја (домашни сапуни, слатки од новинар, грнчарство)" - емитувана во периодот од 03:17:07 до 03:54:57 часот, не ги објави податоците: со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини; за носителот на авторските права; за одговорното лице на медиумот; за одговорниот уредник/уредниците на програмите; за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела; името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршување во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2726/1 од 05.06.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 5 јуни 2018 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 7 мај 2018 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Имено, со надзорот е констатирано дека во дел од програмите емитувани во рамките на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, на 7 мај 2018 година, и тоа: „Кажи и направи нешто добро за Македонија: Гимназија Нова" - емитувана во периодот од 00:27:21 до 00:49:28 часот и „Добра идеја (домашни сапуни, слатки од новинар, грнчарство)" - емитувана во период од 03:17:07 до 03:54:57 часот, не ги објави податоците: со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини; за носителот на авторските права; за одговорното лице на медиумот; за одговорниот уредник/уредниците на програмите; за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела; името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., кои податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Повредата од точка 1 од ова решение, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршување во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2726/1 од 05.06.2018 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-2726/1 од 05.06.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое се опоменува Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
- Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-2726/1 од 05.06.2018 година.

**Доставено до:**
- Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
- Управителот на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;
- Сектор за правни и економско – финансиски работи;
- Сектор за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.